**Г Р А Д   С К О П Ј Е**

Врз основа на Програмата на активности од областа на заштитата на животната средина на подрачјето на градот Скопје за 2025 година („Службен гласник на Град Скопје“ бр.16/24), а во врска со член 4 од Правилникот за начинот, условите и постапката за субвенционирање на граѓани за замена на азбестни покриви бр. 08 – 10229/1 од 17.09.2024 година и бр. 08 – 3119/1 од 28.03.2025 година, Град Скопје објавува

# ЈАВЕН ПОВИК

## за субвенционирање на граѓани за замена на азбестни покриви за 2025 година

### 1. Цел на јавниот повик

1.1. Предмет на јавниот повик е доделување на поединечна субвенција на граѓаните, жители на градот Скопје, за замена на азбестни покриви во 2025 година.
1.2. Јавниот повик ќе трае од денот на објавување до 15ти октомври 2025 година или до исцрпување на средства предвидени за таа намена (активностите од јавниот повик да бидат завршени во целост заклучно со 15ти октомври 2025 година).
1.3. Средствата што Град Скопје ќе ги субвенционира се во висина од најмногу 50% од вредноста на инвестицијата, но не повеќе од 100.000,00 денари, по лице/барател, од вкупниот износ на вредноста потребна за замена на азбестниот покрив, со вклучен данок на личен доход.
1.4 Финансиските средства се обезбедени од Буџетот на Град Скопје за 2025 година во Програма Р1, ставка 464, потставка 464990, во износ од 1.000.000,00 денари.

### 2. Право на учество на Јавниот повик

2.1 Право на учество на Јавниот повик имаат граѓаните, жители на градот Скопје, (во општините: Аеродром, Бутел, Гази Баба, Ѓорче Петров, Карпош, Кисела Вода, Сарај, Центар, Чаир и Шуто Оризари), кои ќе ги заменат азбестните покриви, ги исполнуваат условите од Јавниот повик и ја доставиле потребната документација.

### 3. Услови што треба да ги исполни барателот

Барателот  треба да ги исполни следниве услови:

- Да е жител на градот Скопје, (во општините: Аеродром, Бутел, Гази Баба, Ѓорче Петров, Карпош, Кисела Вода, Сарај, Центар, Чаир и Шуто Оризари).
- Да е согласен да изврши замена на азбестен покрив и да е согласен да учествува со сопствени средства за дел од вкупниот износ за замена на азбестниот покрив.
- Да не е претходен корисник за субвенции за иста намена од други Општини во градот Скопје.
- Замената на азбесниот покрив може да се изврши само во рамки на постоечкиот кровен покрив.
- Да е сопственик на индивидуален станбен објект (куќа) кој има постоечки азбестен покрив со денот на поднесување на барањето.
- Да има склучен Договор со Изведувач за замена на азбестен покрив.
- По завршувањето на работите да достави:
  - Изјава од изведувачот за завршена работа заверена од нивна страна,
  - Идентификационен и Транспортен формулар за отпад и Приемница од вагање  од ЈП депонија Дрисла
  - Фактура во оригинален примерок заверена од изведувачот.

**4. Начин на пријавување и потребна документација за учество на Јавниот повик**

4.1. За надоместување на дел од трошоците и докажување дека условите за учество на Јавниот повик се исполнети, барателот е должен да ја поднесе следната документација:

- Пополнето Барање – образец потпишан од сопственикот на индивидуален станбен објект (куќа)
- Нотарски заверена Изјава* дека е согласен неговите лични податоци да се користат исклучиво за остварување на право на субвенција и е согласен на условите од потточките 1, 2, 3, 4 и 5 од точка 3
- Имотен лист со кој се докажува сопственоста (не постар од 6 (шест) месеци, се доставува во оригинал или нотарски заверена копија).
- Фотографија/и од постоечки азбестен покрив со денот на поднесување на барањето,
- Договор со Изведувач за замена на азбестен покрив
- По добивање на Известување на потенцијален корисник за субвенција и по завршувањето на работите, барателот да достави;
  - Изјава од изведувачот за завршена работа заверена од нивна страна,
  - Фактура во оригинален примерок заверена од изведувачот,
  - Идентификационен и Транспортен формулар за отпад со прилог Приемница од вагање од ЈП депонија Дрисла,
- Копија од трансакциска сметка на сопственикот на куќата (исклучиво лична на барателот, не ополномоштена од трето лице).

**Напомена:**

- Барањето ќе биде објавено на веб страницата на Град Скопје www.skopje.gov.mk и истото ќе треба да биде пополнето, друг тип на Барање нема да биде прифатливо;
- Изјавата ќе биде објавена на веб страницата на Град Скопје www.skopje.gov.mk и истата ќе треба да биде пополнета и нотарски заверена, друг тип на Изјава нема да биде прифатлива;
- Замената на азбестниот покрив треба да е во согласност со позитивната законска регулатива
- Отстранување и одложување на азбестните цементни плочи и останатиот градежен шут до депонијата треба да е согласно постоечките законски прописи и за истиот потребно е да се ангажира субјект кој има лиценца за постапување со овој вид на опасен отпад .

4.2 Барателот може да отпочне со замена на азбестниот покрив, по претходно добиено Известување за потенцијален корисник. Замената на азбестниот покрив, треба да е завршена најдоцна до **14 (четиринаесетти) ноември 2025 година**, за што како доказ е должен да ги достави документите од точка 4, потточка 4.1, алинеа 6.

4.3 Потребната документација, барателите ја поднесуваат до Комисијата преку Архивата на Град Скопје (барака 16) во затворен плик со назнака: До Сектор за заштита на животната средина– Комисија за доделување на субвенции за замена на азбестните покриви, секој работен ден од понеделник до петок, во период од 08:30 – 15:00 часот.

4.4 Едно лице може да поднесе само едно барање за субвенции.

4.5 Пристигнатите барања во архивата на Град Скопје ќе бидат евидентирани со точно време на поднесување (датум, час и минута) и истите ќе бидат разгледувани според датумот и времето на пристигнувањето, а исплатата на средствата ќе следи по целосно завршување и контрола на извршените активности.

## 5. Начин на спроведување на јавниот повик

5.1 Градоначалникот на Град Скопје формира Комисија за спроведување на Јавниот повик која ќе ја спроведе постапката во следниве фази:

- во првата фаза Комисијата ги разгледува пристигнатите барања по редослед според датум и време на пристигнување,
- во втората фаза Комисијата врши детален увид во доставената документација и врши теренски увид за утврдување на веродостојноста на доставената документација,
- во трета фаза Комисијата изготвува листа на потенцијални баратели и ги известува барателите кои ги исполнуваат условите по повикот, со цел продолжување на понатамошната реализација на постапката. За барателите кои не ги исполнуваат условите од првата и втората фаза изготвува известување за неусвојување.
- во четврта фаза, по добиена Изјава од изведувачот за завршена работа заверена од нивна страна, фактура во оригинален примерок заверена од изведувачот со прилог Идентификационен и Транспортен формулар за отпад и Приемница од вагање од ЈП депонија Дрисла, Комисијата врши разгледување и оценување на добиената документација, и за барателите кои ги исполнуваат условите согласно Јавниот повик, Комисијата врши теренски увид на изведената состојба. За барателите кои не ги исполнуваат условите изготува Известување за неусвојување.
- Во петтата фаза Комисијата изготвува предлог до Градоначалникот за исплата на средства по Јавниот повик

5.2 За пристигнатите и обработени барања од точка 5, потточка 5.1 алинеа 1, ќе се води листа со следните податоци:

- име, презиме и адреса;
- датум и час на пристигнатата пријава на Јавниот повик

5.3 Исплатата на одобрените средства ќе се врши согласно доставената фактурата во оригинален примерок заверена од изведувачот.

## 6. Начин на остварување на правото на субвенција

6.1 Градоначалникот на Град Скопје, на предлог на Комисијата донесува Решение за доделување на финансиски средства

6.2 Комисијата ги известува подносителите чии барања се отфрлени како некомплетни, ненавремени и кои не ги исполнуваат условите утврдени согласно точка 3 на Јавниот повик.

Бр.________________

______________ година

С К О П Ј Е